Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 04-30/5
15.02. 2021 год.-viti-year
СКОПЈЕ - SHKUP - SKOPJE

Врз основа на член 77-ж од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" број 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 12 став (2) од Статутот НУ Национален конзерваторски центар - Скопје и согласно, Записникот за работата на Комисијата за спроведување на постапката за вработување бр.04-30/2 од 08.02.2021 година, ја донесувам следната

**О Д Л У К А**

1. Врз основа на објавениот Јавен оглас за вработување бр.01/2021 за засновање на работен однос на неопределено работно време на едно (1) лице давател на услуга за работното место:

- **КУЛ 03 04 Г03 008 - Соработник за меѓународна соработка** - да има завршено ВСП, или 240 кредити по ЕКТС: историја на уметноста, археологија или наука на јазикот (лингвистика); со работно искуство до една година и познавање на еден од трите најчесто употребувани јазици во ЕУ ........................................................*1 извршител*,

**не се изврши избор на кандидат** со кој ќе се заснова редовен работен однос.

2. Постапката за вработување за ова работно место ќе се повтори.

3. Одлуката да се достави до сите кандидати, да се објави на веб страницата и на огласна табла на установата.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно Записникот бр 04-30/2 од 08.02.2021г., Комисијата за вработување, формирана од страна на НУ Национален конзерваторски центар Скопје, а во врска со *Правилникот бр. 01-351/1 од 02.09.2019г., за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас од НУ Национален конзерваторски центар Скопје* и Балансерот од Министерството за информатичко општество и администрација на Годишниот план за вработување на установата за 2020 година, беше констатирано дека двајца од пријавените кандидати не ги исполнуваат условите по различен однос: не соодветствуваат со етничката припадност и образованието, а по извршеното интервју со останатите селектирани кандидати се утврди дека истите не ги исполнуваат посебните

работни компетенции кои се потребни за конкретното работно место (согласно дефинираните работни задачи во Правилникот за систематизација на работните места во НУ НКЦ Скопје) и даде предлог постапката за вработување на едно лице – *Стручен работник за меѓународна соработка да се повтори*.

*Врз основа на претходно наведеното е одлучено како во диспозитивот на одлуката.*

*Одлуката стапува во сила од денот на донесувањето*

Правна поука: Незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8 дена, преку НУ Национален конзерваторски центар-Скопје, да поднесе жалба до Управниот одбор на истата установа.

**Д И Р Е К Т О Р,**

**Mr.sc Memet SELMANI**

Доставено до:
- архива
- пријавени кандидати
- правна служба
- огласна табла
- веб страна на установата